20120611750

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 26 април 2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ПАКЕТИ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНА СТОМАТОЛОШКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА СПЕЦИФИЧНИ И КОМПЛЕКСНИ СЛУЧАИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на пакети на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита на специфични и комплексни случаи („Службен весник на Република Македонија“ број 151/2011), во член 1 став 1, по точката 2 се додава точка 3 која гласи:

„3. Референтни цени на пакети на завршени специјалистичко - консултативни услуги од областа на болести на заби и ендодонтот

Шифра	Назив на услугата	Референтна цена
БЗ01	Ендодонтска терапија на еднокорен заб	1,500
БЗ02	Ендодонтска терапија на повеќекорен заб	1,950
БЗ03	Терапија на интерен гранулом	1,900
БЗ04	Ендодонтска терапија на компликации од протетска рехабилитација	1,400
БЗ05	Ендодонтски третман на периапикални лезии	2,100
БЗ06	Ретретман на ендодонстки третирани заби	2,200
БЗ07	Третман на рест пулпит	1,600
БЗ08	Подготовка на заб за интраканален имплант	2,100
БЗ09	Поставување на парапулпални колчиња кај витални заби со дефинитивно полнење	1000

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 7490/4
26 април 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.